**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за транспорт и врски |
| Назив на предлог законот | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за домување |
| Краток опис на проблемот | Со оглед на тоа дека при примената на овој закон се констатираа одредени непрецизности и недоречености на одделни одредби, се укажа потребата од допрецизирање и доуредување на истите заради нивна целосна примена.<br>Исто така со изменувањата и дополнувањата на законот се предлагаат нови одредби со кои се регулираат прашања кои со постојниот закон не беа целесно или доволно регулирани. |
| Цел на предлог законот | Во постапките за откуп на становите во општествена сопственост како и постапките за пренос на правото за користење на стан од починат носител на станарско право кои се водат во Министерството за транспорт и врски констатирани се одредени потешкотии со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија. Имено со одредби од постојниот Закон за домување потребно е лицето-корисник на општествен стан да поседува акт за доделување и договор за користење на станот кој е предмет на откуп или пренос на станарското право. Имајќи во предвид дека овие станови се доделени на лицата пред повеќе години односно децении (во предходниот систем) истите се соочуваат со неможност да ги обезбедат и двата докази кои им се бараат во постапката. Од таа причина со измените на законот се предлагаат одредби со кои ќе се овозможи регулирање на станбеното прашање на оние лица кои што поседуваат еден од потребните докази и од кој што ќе може да се утврди дека се корисници на општествениот стан.<br>Со одредбите од Предлогот на законот се создаваат услови за реализација на правото на откуп на станови согласно решенијата за закуп донесени од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија во постапка спроведена од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.<br>Исто така, со Предлогот на законот се доуредува постапката и условите за издавање и одземање на лиценцата за вршење на дејност за управување со станбени згради. За таа цел се прошируваат надлежностите на Регулаторната комисија за домување во однос на проверки на лиценцираните управители при што истата ќе може да врши периодични проверки на управителите за |

| | | |
|---|---|---|
| | исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата.<br>Со оглед на фактот дека сопствениците на посебните делови во станбената се соочуваат со проблеми при раскинувањето на договорите за вршење на управувачки услуги со управителите со Предлог законот се предвидуваат одредби со кои се поедноставува постапката за раскинување на до договорите за вршење на управувачки услуги. | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | 7 дена | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Со доставување на писмени предлози | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | Да | **НЕ** |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk и www.mtc.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите | Љубиша Јовановски (ljubisha@mtc.gov.mk) и Сузана Камческа (suzana.kamceska@mtc.gov.mk ) | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Сузана Камческа | |
| Други информации | | |